# УПАТСТВО ЗА ФАКТУРИРАЊЕ ЗА СКЗЗ И ЛАБОРАТОРИИ СПОРЕД ИЗМЕНИТЕ ОД ФЗОМ ЗА 2020 ГОДИНА

Согласно измените од страна на ФЗОМ кај начинот на фактурирање за специјалистичко консуилтативна здравствена заштита и лаборатории, имплементирани се промени и во Прима Медика со кои се запазуваат новововедените правила при фактурирањето. Измените се имплементирани во неколку дела на софтверот, кои во продолжение се објаснети подетално

## Внесување на договорен износ

За влез во оваа форма се пристапува преку главното мени Специјалистички/Фактирирање/Договорен износ или Лабораторија/ Договорен износ, соодветно. Со клик на копчето **F5** од тастатура се внесува година.Карактеристично е што за разлика од досегашното правило да се внесуваат квартални договорни износи, **сега во договорен износ се внесува месечниот договорен износ, а во период на важење датум од почеток до крај на годината.**

*Пример: Во година се внесува 2020, доколку договорениот износ на годишно ниво изнесува 1. 000.000 денари во полето договорен износ треба да се внеси месечниот износ од 83.333, а во период се внесува од 01.01.2020 до 31.12.2020 година.*

## Фактурирање

При влез во формата за фактурирање како и досега се избира месец и година за кој ќе се креира фактурата. Новитет е изборот за фактурирање на 10% над износ од фактурата кое може ПЗУ да го користи по сопствена поттреба, а е во согласност со правилото од ФЗОМ во договорот од 2020. За да се пресмета над износ од 10% потребно е да е штиклирано квадратчето 10% над износ како што е прикажано на слика: 1 и потоа се кликнува на копчето Фактурирај. Во долниот дел од табелата ќе ви се појават фактурите поделени по основ на ослободување.




Слика: 1

Во горниот дел во <u>Фактури(по пакети)/Фактура/Печати фактура</u> ќе можете да ја испечатите фактурата и спецификација за фактура (кои се ограничени до договорениот износ) како извештајот за спецификација за надминат износ (слика: 2).




Слика: 2

Со двоен клик на фактурата се отвараат пресметките кои што влегуваат во фактурата и постои можност за корекција на фактурата, т.е. со кликнување на копчето Отвори фактура постои можност за додавање или одземање на пресметки во фактурата.

## Проверка на износи по тимови (карактеристика за лаборатории)

Согласно насоката од ФЗОМ дека кај лабораториите кои имаат повеќе од еден тим, треба да се достави план за вид и обем на услуги по тим, а соодветно на тоа и реализацијата на истите ќе се врши според доставените електронски спецификации, се наметнува потребата од функционалност за проверка на вклучени пресметки во месечна спецификација по тим. Оваа функционалност е додадена во формата за фактурирање со цел полесна контрола на реализацијата по тимови цво склоп на конкретна факрура.

Во случај кога има повеќе тимови во ординацијата со избор на еден од тимовите има увид од кој лекар (носител на тим) се креирани пресметките коишто се влезени во фактурата заедно со фактурираниот износ (слика: 3).




Слика: 3

Со ова корисниците имаат можност со едноставно штиклирање или одштиклирање на пресметка во левата колона од табелата да извршат евентуални прилагодувања во смисол да изберат кои пресметки би ги вклучиле во фактурата до месечниот износ за фактурирање, со цел правилен распоред на реализациај на тимовите, соодветно на планираните вид и обем за нив